**20121072759**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 211 став 2 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија”, бр. 36/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011 и 55/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.8.2012 година, донесе

# УРЕДБА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИТЕ СПЕЦИЈАЛНОСТИ ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа уредба се утврдуваат посебните специјалности од особено значење за Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

Член 2

Посебни специјалности од особено значење за Армијата претставуваат работните места, односно должностите во командите, единиците и установите на Армијата и тоа:

1. Работните места и должности во Генералштабот на Армијата, Здружената оперативна команда и Командата за обука и доктрини.

2. Командири на водови и чети и команданти на баталјони во единиците на Армијата.

3. Работните места и должности во военото воздухопловство:

3.1. Летачи-пилоти:

3.1.1. Пилот на борбени надзвучни и низзвучни авиони со брзина поголема од 0,72 маха и пилот на борбени и извидувачки хеликоптери:

- I категорија на стручна и борбена оспособеност,
- II категорија на стручна и борбена оспособеност,
- III категорија на стручна и борбена оспособеност.

3.1.2. Пилот на борбени авиони со брзина помала од 0,72 маха, тешки и средни транспортни хеликоптери и средни транспортни авиони:

- I категорија на стручна и борбена оспособеност,
- II категорија на стручна и борбена оспособеност,
- III категорија на стручна и борбена оспособеност.

3.1.3. Пилот на лесни школски авиони и хеликоптери, лесни авиони за општа намена и лесни транспортни авиони:

- I категорија на стручна и борбена оспособеност,
- II категорија на стручна и борбена оспособеност.
- III категорија на стручна и борбена оспособеност.

3.1.4. Слушател-пилот.

3.1.5. Друг летачки персонал:

3.1.6. Оператор навигатор:

- I категорија на стручна и борбена оспособеност,
- II категорија на стручна и борбена оспособеност,
- III категорија на стручна и борбена оспособеност.

3.1.7. Техничар -оператор- навигатор:

- I категорија на стручна и борбена оспособеност,
- II категорија на стручна и борбена оспособеност,

- III категорија на стручна и борбена оспособеност.

3.1.8. Специјалист летач.
3.1.9 Слушател летач (освен пилот).
3.2. Воздухопловно–технички персонал:
3.2.1. Воен воздухопловен инженер:
3.2.1.1. за контрола на квалитетот,
3.2.1.2. за техничка подготовка:

- на борбена авијација и во ВТч за одржување во 2 и 3 степен,
- на транспортна авијација,
- на школски-тренажна авијација,
- на опслужување на летањето.

3.2.2. Воен воздухопловен техничар:
3.2.2.1. Инструктор за практична настава:

- на борбена авијација и во ВТч за одржување во 2 и 3 степен,
- на транспортна авијација,
- на школски-тренажна авијација,
- на опслужување на летањето.

3.2.2.2. Технички контролор:

- на борбена авијација и во ВТч за одржување во 2 и 3 степен,
- на транспортна авијација,
- на школски-тренажна авијација,
- на опслужување на летањето.

3.2.2.3. Механичар:

- на борбена авијација и во ВТч за одржување во 2 и 3 степен,
- на транспортна авијација,
- на школски-тренажна авијација,
- на опслужување на летањето.

3.2.2.4. Помошник механичар:

- на борбена авијација и во ВТч за одржување во 2 и 3 степен,
- на транспортна авијација,
- на школски-тренажна авијација,
- на опслужување на летањето,

3.3. Воен радарски персонал

- инженер за радарско сметачки средства.
- техничар за радарско сметачки средства;
- техничар за радарско сметачки средства -инструктор.
- помошник техничар за радарско сметачки средства;
- електротехничар за непрекидни извори за напојување.

3.4. Воени оператори во центри и елементи за воздушно набљудување (ВН)

- инженер оператор.
- техничар оператор;
- техничар оператор- инструктор.
- помошник техничар оператор.

3.5. Друг стручен персонал за обезбедување на летањето
3.5.1. Воздухопловен метеоролог:

- синоптичар;
- прогностичар.

3.5.2 Персонал за противпожарно обезбедување на летањето

- пожарникар;
- пожарникар- инструктор.

3.5.3. Персонал за одржување на земски радио навигациски средства:
- техничар за земски радио навигациски средства (ЗРНС);
- инженер за земски радио навигациски средства (ЗРНС).
3.6. падобрански персонал,
3.7. оператори со системи за против воздушна одбрана.

4. Должностите во единиците за:
4.1.специјални операции,
4.2.воената полиција,
4.3.извидувачките единици.
4.4.врски, криптозаштита, електронско извидување и информатика,
4.5.разузнавање, контраразузнавање и спречување и откривање на кривични дела.
5. Должности во единиците за почести:
5.1. гардиска единица,
5.2. воен оркестар

6. Должности во единиците за логистичка поддршка:
6.1. делаборација, лаборација, подготовка и уништување на муниција, убојни и експлозивни средства,
6.2 долгорочна и краткорочна конзервација,
6.3 сместување и транспорт на погонски горива,
6.4 манипулација со погонски горива,
6.5 одржување на апарати со токсични запаливи гасови и соединенија,
6.6 обезбедување.
6.7. механичар за:
-сите видови на моторни возила и склопови/и нивните системи,
вооружување,
-борбени моторни возила,
-електроенергетски средства,
-електронски средства,
-хемиски извори,
-инфрацрвени уреди и електроника,
- извори и агрегати,
-муниција и минско експлозивни средства,
-оптика и прецизна механика,
-противавионски орудија,
-противпожарна и погонска опрема
-радарско сметачки уреди,
-медицинска опрема и апарати.
6.8. возачи на специјални моторни возила.
6.9. Медицински персонал.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-6320/1
26 август 2012 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.